## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31.08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3895 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на неделниот весник „Заман“, и тоа:

   - изданието од 28 август-3 септември 2018 година на неделниот весник „Заман“ бр.1155

3. **Датум на извршување на надзорот:** 31 август 2018 година.

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор беше извршен на 28.06.2018 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието од 19-25 јуни 2018 година на неделниот весник „Заман“ бр.1145 не ги објавил податоците за бројот на печатени примероци.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-368 од 04.07.2018 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје (Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3049/1 од 28.06.2018 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор на изданието од 28 август-3 септември 2018 година на неделниот весник „Заман“ бр.1155 е констатирано дека Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје во целост постапило по решението за преземање мерка, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***